CROATIA® осигурување/неживот

**КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ АД - ДРУШТВО ЗА НЕЖИВОТНО ОСИГУРУВАЊЕ СКОПЈЕ**

# ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ДОБРОВОЛНО ПРИВАТНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ - ризик бременост

По одлука бр. 02-4712/5 од 28.07.2020 година

## Воведни одредби

### Член 1

**Здравствено осигурување - ризик бременост**

(1) Ризикот бременост е дел од здравствено осигурување согласно Посебните услови за доброволно приватно здравствено осигурување за ризик бременост (во продолжение: Посебни услови).

(2) Ризикот породување може да се склучи единствено како дополнителен ризик кон еден од пакетите CROCARE, CROCARE+, CROCARE lite, CROCARE lite+ и CROCARE flexy и со Договор за осигурување со минимално времетраење од 24, 36 или 48 месеци.

(3) Осигурувачот и осигуреникот склучуваат Договор за лојалност во времетраење од 24, 36 или 48 месеци.

(4) Полисата за осигурување е годишна и истата се издава согласно склучениот Договор за осигурување.

(5) Осигурувањето за ризикот бременост се склучува без период на чекање-каренца и во било кој период од бременоста на осигуреникот.

(6) За се што не е уредено со овие Посебни услови, во целост важат одредбите од Општите услови за осигурување на доброволно приватно здравствено CROCARE и CROCARE+, Посебни услови за доброволно приватно здравствено осигурување CROCARE lite и CROCARE lite+ и Посебни услови за доброволно приватно здравствено осигурување CROCARE flexy.

### Член 2

**Дефинирање на термини**

(1) Термините во Посебните услови го имаат следното значење:

1. **Посебни услови** се Посебни услови за доброволно приватно здравствено осигурување - ризик бременост;
2. **Општи услови** се Општи услови за доброволно приватно здравствено осигурување CROCARE и CROCARE+;
3. **Посебни услови за мини здравствено осигурување** се Посебни услови за доброволно приватно здравствено осигурување CROCARE lite и CROCARE lite+;
4. **Посебни услови за флексибилно здравствено осигурување** се Посебни услови за доброволно приватно здравствено осигурување CROCARE flexy.

## Содржина и опсег на осигурувањето

### Член 3

**Обем на покритие**

(1) Здравствено осигурување за ризикот породување може да се склучи како индивидуално (едно лице) или семејно (два или повеќе члена) осигурување и за една од следниве осигурени суми:

- 92.250,00 ден;
- 123.000,00 ден и
- 184.500,00 ден.

(2) Под семејно осигурување се подразбира осигурување на двајца (брачни или вонбрачни) партнери или родители и деца. Како семејно осигурување се смета и осигурување на самохран родител и дете/деца.

### Член 4

**Бременост**

(1) Со склучена полиса за ризик бременост осигуреникот добива покритие за:

- Трошоци за сите медицински индицирани прегледи во тек на бременост;
- Трошоци за спонтано породување и
- Трошоци за породување со царски рез.

(2) Осигурената сума за ризикот бременост е во агрегат и истата важи за цело времетраење на договорот за осигурување.

(3) Како трошоци за сите медицински индицирани прегледи во тек на бременост се признаени сите прегледи кои се препишани од страна на овластен доктор - гинеколог кој ја води или врши надзор врз бременоста во било која фаза од истата.

(4) Како трошоци за спонтатно породување и породување со царски рез, се покриени трошоци за пакети за породување кои вклучуваат сместување, породување и останати трошоци дефинирани од страна на давателите на здравствени услуги како пакети за породување.

(5) По исклучок, покриени се и трошоци за евентуални компликации после породување како и прегледи за бебето

непосредно после породување доколку осигурената сума за ризикот бременост не е целосно искористена.

**Договор за осигурување**
**Член 5**
**Посебни услови**

(1) Овие Посебни услови, заедно со Општите услови доброволно приватно здравствено осигурување CROCARE и CROCARE+, Посебни услови за доброволно приватно здравствено осигурување CROCARE lite и CROCARE lite+ и Посебни услови за доброволно приватно здравствено осигурување CROCARE flexy, Прашалникот за здравствена состојба и Понудата се составен дел од договорот за осигурување со кој се регулирани односите меѓу Договорувачот, осигуреникот и осигурувачот.

**Член 6**
**Стапување на сила**

(1) Овие Услови влегуваат во сила со денот на донесување, а се применуваат на договорите за осигурување склучени по 01.08.2020 година.

**КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ АД - ДРУШТВО ЗА НЕЖИВОТНО ОСИГУРУВАЊЕ СКОПЈЕ**

**ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ДОБРОВОЛНО ПРИВАТНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ - ризик бременост**

По одлука бр. 02-4712/5 од 28.07.2020 година

**Воведни одредби**

**Член 1**

**Здравствено осигурување - ризик бременост**

(1) Ризикот бременост е дел од здравствено осигурување согласно Посебните услови за доброволно приватно здравствено осигурување за ризик бременост (во продолжение: Посебни услови).

(2) Ризикот породување може да се склучи единствено како дополнителен ризик кон еден од пакетите CROCARE, CROCARE+, CROCARE lite, CROCARE lite+ и CROCARE flexy и со Договор за осигурување со минимално времетраење од 24, 36 или 48 месеци.

(3) Осигурувачот и осигуреникот склучуваат Договор за лојалност во времетраење од 24, 36 или 48 месеци.

(4) Полисата за осигурување е годишна и истата се издава согласно склучениот Договор за осигурување.

(5) Осигурувањето за ризикот бременост се склучува без период на чекање-каренца и во било кој период од бременоста на осигуреникот.

(6) За се што не е уредено со овие Посебни услови, во целост важат одредбите од Општите услови за осигурување на доброволно приватно здравствено CROCARE и CROCARE+, Посебни услови за доброволно приватно здравствено осигурување CROCARE lite и CROCARE lite+ и Посебни услови за доброволно приватно здравствено осигурување CROCARE flexy.

**Член 2**

**Дефинирање на термини**

(1) Термините во Посебните услови го имаат следното значење:

1. **Посебни услови** се Посебни услови за доброволно приватно здравствено осигурување - ризик бременост;
2. **Општи услови** се Општи услови за доброволно приватно здравствено осигурување CROCARE и CROCARE+;
3. **Посебни услови за мини здравствено осигурување** се Посебни услови за доброволно приватно здравствено осигурување CROCARE lite и CROCARE lite+;
4. **Посебни услови за флексибилно здравствено осигурување** се Посебни услови за доброволно приватно здравствено осигурување CROCARE flexy.

**Содржина и опсег на осигурувањето**

**Член 3**

**Обем на покритие**

(1) Здравствено осигурување за ризикот породување може да се склучи како индивидуално (едно лице) или семејно (два или повеќе члена) осигурување и за една од следниве осигурени суми:

- 92.250,00 ден;
- 123.000,00 ден и
- 184.500,00 ден.

(2) Под семејно осигурување се подразбира осигурување на двајца (брачни или вонбрачни) партнери или родители и деца. Како семејно осигурување се смета и осигурување на самохран родител и дете/деца.

**Член 4**

**Бременост**

(1) Со склучена полиса за ризик бременост осигуреникот добива покритие за:

- Трошоци за сите медицински индицирани прегледи во тек на бременост;
- Трошоци за спонтано породување и
- Трошоци за породување со царски рез.

(2) Осигурената сума за ризикот бременост е во агрегат и истата важи за цело времетраење на договорот за осигурување.

(3) Како трошоци за сите медицински индицирани прегледи во тек на бременост се признаени сите прегледи кои се препишани од страна на овластен доктор - гинеколог кој ја води или врши надзор врз бременоста во било која фаза од истата.

(4) Како трошоци за спонтатно породување и породување со царски рез, се покриени трошоци за пакети за породување кои вклучуваат сместување, породување и останати трошоци дефинирани од страна на давателите на здравствени услуги како пакети за породување.

(5) По исклучок, покриени се и трошоци за евентуални компликации после породување како и прегледи за бебето

непосредно после породување доколку осигурената сума за ризикот бременост не е целосно искористена.

**Договор за осигурување**
**Член 5**
**Посебни услови**

(1) Овие Посебни услови, заедно со Општите услови доброволно приватно здравствено осигурување CROCARE и CROCARE+, Посебни услови за доброволно приватно здравствено осигурување CROCARE lite и CROCARE lite+ и Посебни услови за доброволно приватно здравствено осигурување CROCARE flexy, Прашалникот за здравствена состојба и Понудата се составен дел од договорот за осигурување со кој се регулирани односите меѓу Договорувачот, осигуреникот и осигурувачот.

**Член 6**
**Стапување на сила**

(1) Овие Услови влегуваат во сила со денот на донесување, а се применуваат на договорите за осигурување склучени по 01.08.2020 година.